Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

## Извадок на дел од дневни настани 22.12.2024

Денеска (22.12.2024) во 01.50 часот пред угостителски објект во Градскиот парк во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Ј.(29) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (22.12.2024) во 02.20 часот во Скопје пред угостителски објект на подрачјето на Карпош полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.М.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.12.2024 во 18.30 часот во Скопје на подрачјето на Центар полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Х.(46) од с.Сарај, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (22.12.2024) во 00.50 часот во Штип полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Е.Р.(29) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (22.12.2024) во 03.30 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го привеле М.И.(39) од с.Синѓелиќ, скопско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени два ножа. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.12.2024 во 01.55 часот полициски службеници од СВР Битола во ноќен клуб во Битола го лишиле од слобода И.Т.(24) од Битола, бидејќи при преглед кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на настанот, ќе следува соодветна пријава.

На 21.12.2024 во 22.30 часот во СВР Охрид, било пријавено дека на ул.„Стив Наумов" во Охрид патничко возило „бмв" со охридски регистарски ознаки, управувано од С.Р.(42), удрило во пешакот М.А.(41), двајцата од Охрид, по што го напуштило местото на настанот. По преземени мерки од полициски службеници, С.Р. е пронајден и лишен од слобода. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Охрид.

На 21.12.2024 во СВР Велес било пријавено дека околу 09.40 часот на улица „11-ти Октомври" во Велес, патничко возило „фолксваген поло" со велешки регистарски ознаки, управувано од П.Н.(30) од Велес, удрило во 80-годишната К.К. од Велес. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила К.К., констатирани во болницата во Велес. По овластување на јавен обвинител увид на местото извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 21.12.2024 во 02.31 часот во Полициското одделение Македонска Каменица, било пријавено дека на магистралниот пат Македонска Каменица-Кочани, патничко возило „ауди" со регистарски ознаки од Македонска Каменица, управувано од О.В.(25) од Македонска Каменица, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Делчево.

На 21.12.2024 во 14.45 часот во Полициската станица Пробиштип, било пријавено дека на локалниот пат с.Стубол-с.Барбарево, на место викано „Црвен Чукар" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „сузуки витара" со пробиштипски регистарски ознаки, управувано од К.Т.(23) од Пробиштип, и патничко возило „ауди" со пробиштипски регистарски ознаки, управувано од О.Л.(55) од с.Горно Барбарево, пробиштипско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот О.Л. и неговиот сопатник Б.П., додека со телесни повреди другиот сопатник И.Ј., како и возачот К.Т. и неговиот сопатник Н.Ј., констатирани во Здравствениот дом во Пробиштип и Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Пробиштип.

На 21.12.2024 во 20.15 часот во ОВР Кавадарци, Љ.Р.(24) од Кавадарци, пријавила дека на улица „Божо Димов" во Кавадарци, била касната од куче скитник.

На 22.12.2024 во 00.30 часот во Полициска станица Велес Т.Л.(49) од село Раштани, велешко, пријавил дека на улица „Андон Шурков" во Велес, бил каснат од куче скитник.

На 21.12.2024 полициски службеници од Полициско одделение Ранковце го лишиле од слобода А.И. (54) од село Петралица, затоа што со остар предмет го нападнал неговиот брат. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

Денеска (22.12.2024) во 00.20 часот во СВР Скопје, Н.Ќ.(60) од Скопје, пријавил дека на подрачјето на Центар, во неговото патничко возило, бил физички нападнат од едно лице кое го познавал. При тоа и му го оштетило патничкото возило. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 21.12.2024 во 20.10 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја привеле А.Р.(42) од Скопје, затоа што агресивно се однесувала кон полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.12.2024 во 21.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Р.Ѓ.(51) од с.Јурумлери, скопско, пријавил дека од домот се оддалечил неговиот брат Д.Ѓ.(47), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 21.12.2024 во 23.50 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Д.(43) од Скопје, поради тоа што упатувал закани кон неговата 42- годишна поранешна сопруга и нејзиното семејство. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (22.12.2024) во 01.20 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода В.В.(52) од штипско, по претходна пријава, дека физички ја нападнал неговата 47- годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.12.2024 околу 15 часот полициски службеници од СВР Штип ги лишиле од слобода Љ.Д.(45), И.Д.(25), А.Д.(24), Т.Д.(22) и К.Д.(25), сите од Штип, затоа што нападнале полициски службеници при вршење на службени дејства. Претходно, полициските службеници се упатиле кон манастирот „Воскресение Христово" во атар на Штип, каде била пријавена кражба и по преземените мерки и активности во врска со тој настан, се упатиле кон Штип. При тоа, кај местото викано „Елките", забележале запрежно возило натоварено со бесправно исечени огревни дрва. При преземањето мерки и активности за расчистување на настанот, полициските службеници биле нападнати од Љ.Д.(45), И.Д.(25), А.Д.(24), Т.Д.(22) и К.Д.(25), кои употребиле и тврди и остри предмети. Еден полициски службеник испукал и предупредувачки истрел во воздух, по што лицата се лишени од слобода и по документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава. Двајца полициски службеници се здобиле со повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Џ.С.(72) од с.Речане поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 19.11.2024 на ул. „ЈНА" во Гостивар, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „форд", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз, издадена од надлежен орган.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Т.И.(58) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 19.11.2024 на ул. „Живко Брајковски" во Гостивар, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „фолксваген голф", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз, издадена од надлежен орган.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Д. (32) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „разбојништво во обид" и „загрозување на сигурноста". На 13.11.2024 во спортска обложувалница во Охрид, пријавениот со закани кон вработениот, се обидел да одземе пари, а откако не успеал, оштетил дел од инвентарот.

Регионален центар за гранични работи Југ, поднесе кривична пријава против Н.Ч.(61) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина". На 06.12.2024 на Граничниот премин Меџитлија, за влез во државата, пријавениот приложил сообраќајна дозвола која претходно ја пријавил како загубена.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет